# ЗАПИСНИК

Од одржаната **18-та седница на Советот на општина Новаци** одржана на ден **07.11.2022** година со почеток во **12.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:
Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

Отсутен е советникот Горан Велјановски.

На седницата се присутни вработени во општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Оливера Димитровска – раководител, Летка Јовеновска - раководител, Благој Бежановски советник, Николина Лозановска – соработник.

.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

Усвојување на Записникот од 17-та седница на Совет на Општина Новаци

**1. Измени на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2022г.**
**2. Предлог - Одлука за кофинансирање за изградба на дел од патот од с.Градешница до манастир „Св.Илија“ (Брен).**
**3. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола за вршење на определени работи од надлежност на заштита на животната средина (овластено лице за одобрување на елаборат за заштита на животната средина ) од страна на општина Битола во корист и за сметка на Општина Новаци**
**4. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола за вршење на определени работи од надлежност на инспекциски надзор (овластен инспектор за животна средина и комунален инспектор) од страна на општина Битола во корист и за сметка на Општина Новаци**
**5. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување за прослава на Новата 2023 година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици)**
**6. Развојни Програми за индустриската зона во с.Новаци и канализационен систем во с.Добромири за 2023 - 2025.**
**7. Барање за финансиски средства во висина од 75 000,00 ден од ЗФК „Новаци 2011“- Новаци**
**8. Барање за спонзорство од Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“ .**
**9. Барање од М.З. на с.Грумази за санација на локален пат.**
**10. Барање за одобрување на градежен матерјал (50 метри цевка Ф 150) за одвод на атмосверка вода од Благоја Јовановски од с.Новаци**

Пред ставање на гласање на Дневниот ред на 18–та Седница на Советот на општина Новаци, Градоначалникот Стевановски предложи да се дополни дневниот ред со уште една точка т.е со

**11. Барање од Црковноит одбор на село Маково за одобрување на градежен матерјал за реконструкција на настрешница на црквата „Св.Петка“**

Претседателката Најдовска – Стојковска го стави Дневниот ред со дополнување од една точка на гласање и истиот беше усвоен со **<u>8 гласа за</u>** .

Записникот од 17-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **<u>8 гласа за</u>.**

1. **точка**: **Измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2022г**

По однос на оваа точка Благој Бежановски ја објасни измената во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2022г. која се прави врз основа на Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти од комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците доставена од Министерството за транспорт и врски со цел усогласување на цената за надоместок за уредување на градежно земјиште при изградба на фотоволтаични централи.

По дискусијата, оваа точка беше ставена на гласање и советниците со **<u>8 гласа за</u>** усвоија: Измени и дополнувања на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2022г.

2. **точка: Предлог - Одлука за кофинансирање за изградба на дел од патот од с. Градешница до манастир „Св.Илија“ (Брен).**

Градоначалникот Стевановски пред советниците даде детално објаснување за изградбата на дел од патот кој се наоѓа на потегот од с.Гадешница до манастирот „Св Илија“ кој треба да се изгради со финансиски средства доделени од Пелагонискиот плански регион во висина од 4 500 000,00 ден. и учество во висина од 1 500 000,00 ден. од општина Новаци.

Советниците со **<u>8 гласови за</u>** донесоа: Одлука за кофинансирање на изградба на дел од патот од с.Градешница до манастирот “Св. Илија“во с.Градешница.

Пред разгледување на наредните две точки кои се однесуваат на МОС со општина Битола збор зеде Летка Јовановска - раководител која им предочи на советниците дека во добиените матерјали постои техничка грешка која не ја менува суштината на предлозите и ќе бидат корегирани веднаш по Седницата.

Советниците го прифатија објаснувањето и Советот продолжи со разгледување на Дневниот ред.

3. **точка: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола за вршење на определени работи од надлежност на заштита на животната средина (овластено лице за одобрување на елаборат за заштита на животната средина ) од страна на општина Битола во корист и за сметка на Општина Новаци**

По однос на оваа точка збор зеде Летка Јовановска-раководител која објасни дека со оваа Одлука се финализира воспоставувањето на меѓуопштинската соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола во врска со овластено лице за одобрување на елаборат за заштита на животната средина во времетраење до 31.12.2024г..

Овој предлог со **8 гласови за** е прифатен и Советот на општина Новаци донесе: Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола за вршење на определени работи од надлежност на заштита на животната средина (овластено лице за одобрување на елаборат за заштита на животната средина ) од страна на општина Битола во корист и за сметка на Општина Новаци

4. **Точка: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола за вршење на определени работи од надлежност на инспекциски надзор (овластен инспектор за животна средина и комунален инспектор) од страна на општина Битола во корист и за сметка на Општина Новаци**

И по однос на оваа точка Летка Јовановска-раководител објасни дека станува збор за истата меѓуопштинска соработка со општина Битола за овластен инспектор за животна средина и комунален инспектор во корист и за сметка на Општина Новаци во времетраење до 31.12.2024г

Овој предлог е прифатен и со **8 гласови за** и Советот донесе Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола за вршење на определени работи од надлежност на инспекциски надзор (овластен инспектор за животна средина и комунален инспектор) од страна на Општина Битола во корист и за сметка на Општина Новаци

5. **точка: Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување за прослава на Новата 2023 година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици)**

Советот го разгледа Предлогот и по кратка дискусија советниците се согласија оваа година украсувањето за Новогодишните и Божиќните празници да биде со минимално вложување на финансиски средства. Советот со **8 гласови за** донесе : Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Новата 2023 година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици).

.

6. **точка: Развојни Програми за индустриската зона во с.Новаци и канализационен систем во с.Добромири за 2023 - 2025.**

Оваа точка пред Советниците детално ја образложи Оливера Димитровска раководител по финансии.Советниците беа запознати дека реализацијата на двата проекти е повеќегодишна и дека финансирањето ќе биде од различни извори и во повеќе наврати. На пр. проектот за Индустриската зона ќе биде финансиран дел од Министерството за транспорт и врски а дел од буџетот на општина Новаци, додека проектот за Канализационен систем во с.Добромири ќе биде финансиран дел од Пелагонискиот плански регион, а дел од буџетот на општина Новаци.

По дискусијата Советот на општиона Новаци со **8 гласа за** донесе:

1. Одлука за усвојување на План за програма за развој - развојна потпрограма „Изградба на индустриска зона“ с.Новаци
2. Одлука за усвојување на План за програма за развој - развојна потпрограма “Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води“ с.Добромири

7. **точка: Барање за финансиски средства во висина од 75 000,00 ден од ЗФК „Новаци 2011“-Новаци**

Советот на општина Новаци го разледа Барањето од ЗФК „Новаци 2011“- Новаци за натпреварување во Општинска лига – Битола есенски дел 2022 година и утврди дека е доставен Извештај за претходно одобрените средства со уредно приложени фактури и сметки, така што со **8 гласови за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗФК “Новаци 2011г“ од Новаци во висина од 75 000,00 ден.

**8. точка: Барање за спонзорство од Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“.**

По однос на оваа точка Советникот Иванчо Котевски како член на Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“ во кое членуваат и бивши фудбалери кои се жители на општина Новаци, им објасна на Советниците дека финансиските средства кои во Здружението се собираат по пат на членарина, донации и спонзорства се користат за организирање на спортски натпревари во хуманитарни цели, а најголем дел од нив се донираат на лица од маргинализираните групи.

Советот на општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение на граѓани ФК “ Пелистер Ветерани Профи“- Битола во висина од 10 000,00 ден.

**9. точка: Барање од М.З. на с.Грумази за санација на локален пат.**

Советот го разгледа Барањето од М.З. на с.Грумази за санација на локален пат кој од обилните дождови на повеќе места е раскопан и е во тешка состојба. Советниците со **8 гласови за** донесоа Одлука за санација на локален пат до с.Грумази.

**10. точка: Барање за одобрување на градежен матерјал (50 метри цевка Ф 150) за одвод на атмосверка вода од Благоја Јовановски од с.Новаци**

Советот го разгледа Барањето поднесено од. Благоја Јовановски од с.Новаци и беше донесен заеднички став, стручно лице од општинската администрација на општина Новаци да направи увид на терен и да ја утврди потребата од поставување на цевка Ф150 во должина од 50 метри за одводнување на атмосверска вода во близина на семејната куќа на Благоја Јовановски. Советот **едногласно** донесе Заклучок за утврдување на потребата за одобрување на градежен матерјал на Благоја Јовановски од с.Новаци

**11. точка: Барање од Црковноит одбор на село Маково за одобрување на градежен матерјал за реконструкција на настрешница на црквата „Св.Петка“**

Советот го разгледа Барањето поднесено од Црковноит одбор на село Маково и **едногласно** донесе Одлука за одобрување на градежен матерјал за реконструкција на настрешница на манастирот “Св Петка“ с.Маково.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

______________________________